Благица Стојковска	*Француски јазик*	*Реализира наставоа по Француски јазик во Градско во VIа, VIб, VIIа, VIIб ,VIIIа, VIIIб и , IX а и IXб*
	Француски јазик	*Реализира настава по Француски јазик во Виничани во VII,VIII,IX*

Благица Делова	*Англиски јазик*	*Реализира настава по Англиски јазик во Градско во I, II, IIIа, IIIб, IVа, Ivб и V* *Реализира настава по Англиски јазик во Кочилари I- V*
Елена Петрова	*Англиски јазик*	*Реализира настава по Англиски јазик во Виничани во I - V, VII, VIII, IX*

	Англиски јазик	*Реализира настава по Англиски јазик во Водоврати и Ногаевци I-V*
Елизабета Камчева	*Англиски Јазик*	*Реализира настава по Англиски јазик во Градско VIа, VIб, VIIа, VIIб ,VIIIа, VIIIб и , IX а и IXб*
Сашко Арсовски	*Ликовно образование*	*Реализира настава по Ликовно образование во Градско во VIа, VIб, VIIа, VIIб ,VIIIа, VIIIб и , IX а и IXб*
	Ликовно образование	*Реализира настава по Ликовно образование во Виничани во VII,VIII,IX*
	Изборен предмет	*Реализира настава по Вештини за живеење во Градско во IX а и IXб*
Лидија Гајдова Трајановска	*Музичко образование*	*Реализира настава по Музичко образование во Градско во VIа, VIб, VIIа, VIIб ,VIIIа, VIIIб и , IX а и IXб*
	Музичко образование	*Реализира настава по Музичко образование во Виничани во VII,VIII,IX*
	Хор *Оркестар*	*Хор - 3 часа неделно VI-IX* *Оркестар - 3 часа неделно VI-IX*
	Иновации	*Реализира настава по Изборен предмет во Градско IX а и Ixб и IX Виничани*
Петар Панов	*Техничко образование и информатика*	*Реализира настава по Техничко образование и информатика во Градско во VIа, VIб, VIIа, VIIб ,VIIIа, VIIIб*
	Техничко образование и информатика	*Реализира настава по Техничко образование и информатика во Виничани во V, VII,VIII*

Наташа Коцева	*Физичко и здравствено образование*	*Реализира настава по Физичко и здравствено образование VIa, VIб, VIIa, VIIб ,VIIIa, VIIIб и , IX а и IXб во Градско*
Златко Блажевски	*Физичко и здравствено образование*	*Реализира настава по Физичко и здравствено образование во Виничани во I-V, VII,VIII,IX* *Реализира настава по Физичко и здравствено образование во Ногаевци и Кочилари во I - V*
Александар Поповски	*Физичко и здравствено образование*	*Реализира настава по Физичко и здравствено образование во Градско во I -V* *Реализира настава по Физичко и здравствено образование во Водоврати во I - V*
Оливера Стојановска	*Етика во религиите*	*Реализира настава по Етика во религиите во Градско и Виничани во VI и **VII***
Тодорка Талевска	*Историја* *Историја и Граѓанско образование* *Изборен предмет ЕСАРУ*	*Реализира настава по Историја и Граѓанско образование во Виничани во VII, VIII,IX* *Реализира настава по Изборен предмет во VIIa, VIIб ,VIIIa, VIIIб во Градско* *Одговорен наставник за ЕСАРУ*
Иле Петровски	*Математика*	*Реализира настава по математика во Градско VIa, VIб ,VIIIa, IX а и Ixб.*

7.3 Работа во смени

Наставата во централното основно училиште ,,Даме Груев" и во ПУ с.Виничани се одвива во две смени (ротирачки) и тоа:

- Првата смена започнува со настава од 7.30 до 12.55 часот.
- Втората смена започнува од 13:00 до 18:20 часот.

Промена на смените ќе се врши во текот на две работни седмици.

Во останатите ПУ наставата се одвива исто ротирачки во две смени со промена на две работни

седмици.

7.4 Јазици на кои се изведува наставата

Наставен јазик	Наставен јазик-македонски	Наставен јазик-албански	Наставен јазик-турски	Наставен јазик-српски
Број на паралелки	**22**	**1**	**/**	**/**
Број на ученици	**282**	**4**	**/**	**/**
Број на наставници	**34**	**1**	**/**	**/**

7.5 Проширена програма

Согласно Концепцијата за основно образование училиштето ќе организира проширена програма за прифаќање и згрижување на учениците од прво до петто одделение еден час пред започнување на наставата и еден час по завршување на редовната настава во согласност со родителите, доколку има потреба од тоа.

Како и секоја година така и оваа планирано е да се спроведе анкета за прифаќање и заштита на учениците пред и по завршувањето на наставата, доколку произлезе потреба, истото ќе биде спроведено.

7.6 Комбинирани пралелки

Во нашето училиште се реализира комбинирана настава во подрачните училишта и тоа

Во ПОУ с.Виничани II и V опфатени се 6 ученици и наставата ја реализира Маја Милосављевиќ

III и IV опфатени се 5 ученици и наставата ја реализира Изабела Переска .

Во ПОУ с.Ногаевци II, IV, V опфатени се 4 ученици и наставата ја реализира Сања Коцева

Во ПОУ с.Водоврати I, II, III опфатени се 8 ученици и наставата ја реализира Наташа Илиќ.

Во ПОУ с.Кочилари I, IV, V опфатени се 4 ученици и наставата ја реализира Бајрам

Мустафов.

7.7 Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Странски јазик	**Број на паралелки**	**Ученици**
Англиски јазик	23	286
Француски јазик	11	139

7.8 Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение.

Име и презиме на наставници (тандем настава) во прво одделение
Весна Иванова-одделенски наставник
Александар Поповски-наставник по ФЗО
Градско
Име и презиме на наставници (тандем настава) во второ одделение
Мара Аризанова-одделенски наставник

Александар Поповски-наставник по ФЗО
Име и презиме на наставници (тандем настава) во трето одделение
Маја Ефтимова -одделенски наставник
Соња Коруновска - одделенски наставник
Александар Поповски-наставник по ФЗО
Име и презиме на наставници (тандем настава) во четврто одделение
Симона Арсова-одделенски наставник
Трајана Дукова - одделенски наставник
Александар Поповски-наставник по ФЗО
Име и презиме на наставници (тандем настава) во петто одделение
Биљана Славева - одделенски наставник
Александар Поповски-наставник по ФЗО
Виничани
Изабела Переска-одделенски наставник
Маја Милосављевиќ - одделенски наставник
Златко Блажевски-наставник по ФЗО
Ногаевци
Сања Коцева - одделенски наставник

Златко Блажевски-наставник по ФЗО
Водоврати
Наташа Илиќ-одделенски наставник
Александар Поповски-наставник по ФЗО
Кочилари
Бајрам Мустафа - одделенски наставник
Златко Блажевски-наставник по ФЗО

7.9 Изборна настава

Во првиот образовен период (прво до трето одделение), слободните изборни активности се реализираат преку активности во рамки на одделенската настава, според интересите и можностите на учениците. Овие активности се водат од страна на одделенските наставници и се оценуваат описно, како дел од дополнителниот дел на свидетелството.

Во текот на месец мај беа спроведени анкети за интереси кај учениците и родителите од четврто до седмо одделение, со цел прибирање информации за избор на слободни изборни предмети во учебната 2026/2027 година. За учениците од осмо и деветто одделение, изборните предмети веќе се определени согласно новиот Наставен план за деветгодишно основно образование.

Согласно насоките утврдени во **Водичот за изведување на воннаставни активности**, донесен од **Биро за развој на образованието (БРО)**, во месец септември на учениците од четврто до седмо одделение ќе им бидат повторно понудени анкетни листови. Врз основа на нивните интереси, учениците ќе бидат распределени за изучување на изборни предмети, во согласност со понудата по категории и капацитетот на училиштето.

7.10 Дополнителна настава

ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА

Според потребите на учениците и оваа учебна година, се организира дополнителна настава за ученици од прво до деветто одделние кои во текот на редовната настава не ги постигнале очекуваните резултати за одредени наставни предмети или очекуваните резултати од одредени теми/области во рамките на наставните програми.

Ученици за кои се организира дополнителната настава се: ученици со помали предзнаења за наставниот предмет или одредена тема од наставниот предмет, ученци кои покажале слаби резултати од учењето (имаат негативна оценка за тој очекуван резултат или тема), ученици што подолго време отсуствувале од настава и ученици со потешкотии во учењето.

Ученикот од прво до петто одделение може да следи најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу два различни наставни предмети одделно. Ученикот од шесто до деветто одделение може да следи најмногу по еден час неделно дополнителна настава за најмногу три различни наставни предмети одделно. Дополнителната настава за ученикот трае додека ученикот не ги постигне очекуваните резултати согласно наставната програма. Ученикот се вклучува во дополнителна настава по проценка на наставникот од следењето на напредокот на учениците во настава, во согласност и договор со родителот/старателот

Наставникот ја планира и реализира дополнителната настава со еден час неделно за наставен предмет во одредено одделние во текот на цела учебна година со група од најмалку 10 ученици од иста или различна паралелка од исто одделение, и со помала група ученици доколку процени наставникот придржувајќи се на наставната програма а согласно потребите на учениците.

Наставникот континуирано го следи напредувањето на ученикот со цел да констатира дека ученикот ги надминал потешкотиите, ги постигнал очекуваните резултати или има потреба за продолжување на дополнителна настава и за истото го информира родителот, односно старателот. Доказите за напредокот на ученикот наставникот ги чува во портфолиото на ученикот. Прибраните докази му користат на наставникот за планирање на наставата, информирање на родителот, односно старателот и стручната соработници во училиштето. Дополнително, најдоцна до 20 септември, согласно распоредот за учебната 2026/27 година ќе биде изработен и распоред за дополнителна настава по одделни предмети.

Активност	Целна група	Реализатори	Време на реализација	Очекувани ефекти
Планирање на дополнителната настава, материјално-техничките услови, соодветните дидактички материјали	Наставници, ученици,стручно-раководна служба	Одделенски и предметни наставници	Август, Септември	Давање на соодветна поддршка на учениците преку дополнителна настава
Детектирање на учениците кои имаат потреба од дополнителна настава	Ученици	Одделенски и предметни наставници	Септември	Давање на соодветна поддршка на учениците преку дополнителна настава
Информирање на родителите на учениците кои се упатени на дополнителна настава	Родители	Одделенски и предметни наставници	Септември	Зајакнување на соработката со родителот со цел да се постигне подобар успех кај учениците
Изработување на програма соодветна на потребите на учениците и распоред за дополнителна настава	Наставници, ученици	Одделенски , предметни наставници	Септември	Соодветен план и програма за реализација на дополнителната настава со цел за постигнување подобри резултати
Организирање и реализирање на дополнителната настава	Ученици со послаб успех и потешкотии во учењето	Одделенски и предметни наставници	Континуирано преку цела година	Обезбедување поддршка во редовната настава на ученици кои послабо напредуваат или имаат потешкотии во учењето
Следење на напредокот на ученикот и информирање на родителите (изготвување на ученичко портфолио)	Наставници, ученици, родители	Одделенски и предметни наставници	Континуирано преку целата година	Зголемени и подобрени постигнувања во совладување на материјалот кај учениците со послаб успех
Водење на педагошка евиденција за дополнителна настава	Наставници , ученици, стручно-раководна служба	Одделенски и предметни наставници	Континуирано преку цела година	Подобар квалитет при реализација на дополнителната настава

Додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмет и покажуваат посебен интерес за проширување и продлабочување на знаењата за одделни наставни предмети, одделна тема/област од наставен предмет.

Додатната настава можат да ја следат ученици од прво до деветто одделние и тоа:
- напредни ученици кои имаат највисока оценка за наставниот предмет,
- ученици што покажуваат посебен интерес за одредена област за тема/област од наставната програма и
- ученици што се пријавуваат за учество на натпревари.

Наставникот ја планира додатната настава со еден час неделно за наставне предмет во одредено одд во текот на цела учебна година. Наставникот е должен да му понуди на ученикот следење на додатна настава а ученикот, односно родителот/старателот одлучува за посета на часови за додатна настава. Додатната настава ученикот ја следи во текот на целата учебна година или повремено во договор со наставникот, а по одлука на ученикот и во соработка со родителот, односно старателот. Додатната настава се организира во мали групи со најмногу до десет ученици од иста паралелка или различни паралелки од исто одделение.

За реализација на додатната настава наставникот:

-ги идентификува учениците;
-изготвува програма за додатна настава согласно интересите на ученикот;
-ја реализира програмата;
-го следи и контролира напредокот на ученикот и води педагошка евиднција за додатна настава.

Наставникот ја изготвува програмата за додатна настава во соработка со ученикот и ја надополнува со предлози од ученикот. Наставникот исклучиво има интерактивен пристап и користи активни методи на учење, како што се: истражувачки активности, учење со откривање и решавање на проблемски ситуации, самостојно истражување од страна на ученикот и слично. Наставникот доказите за напредокот на ученикот ги чува во портфолиото на ученикот. Прибраните докази му користат на наставникот за планирање на идната работа, информирање на родителот/старателот и стручната служба во училиштето. Дополнително, најдоцна до 20 септември согласно распоредот за учебната 2026/27 година ќе биде изработен и распоред за додатна настава по одделни предмети.

Активност	Целна група	Реализатори	Време на реализација	Очекувани ефекти
Планирање на додатна настава, материјално-техничките услови, соодветните дидактички материјали	Наставници, ученици,стручно-раководна служба	Одделенски и предметни наставници	Август, Септември	Давање на соодветна поддршка на учениците преку дополнителна настава
Информирање и понуда на учениците за следење на додатна настава од одредена област	Ученици, родители	Одделенски и предметни наставници	Септември	Давање на соодветна поддршка на учениците преку дополнителна настава
Изработување на програма соодветна на потребите на учениците и распоред за додатна настава	Наставници, ученици, стручно-раководна служба	Одделенски , предметни наставници	Септември	Соодветен план и програма за реализација на дополнителната настава со цел за постигнување подобри резултати
реализирање на програмата според распоред	Наставници, ученици,стручно-раководна служба	Одделенски и предметни наставници	Континуирано преку цела година	Обезбедување поддршка во редовната настава на надарени и талентирани ученици
Следење на напредокот на ученикот и информирање на родителите	Наставници, ученици, родители	Одделенски и предметни наставници	Континуирано преку цела година	Зголемени постигања на учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области. Зајакнување на соработката со родителите.
Водење педагошка евиденција за додатна настава	Наставници, ученици,стручно-раководна служба	Одделенски и предметни наставници	Континуирано преку цела година	Подобар квалитет при реализација на додатна настава

8.12 Работа со надарени и талентирани ученици

Знаењата и вештините можат да се научат, но талентот ученикот го носи во себе, а наставникот преку својата работа треба да го препознае и мотивира неговиот индивидуален развој, како и да го развива талентираниот ученик. Работата со надарените деца, денес претставува важен сегмент во образовниот систем.

Акцентот во Програмата за работа со надарени ученици се става врз методите и формите на работа кои ќе бидат насочени кон оспособување на учениците за самостојно учење, развивање на критичкото мислење и креативните способности, како и нивно оспособување за користење методи и постапки за доаѓање до нови знаења и решенија за проблемски ситуации.

Надарени ученици се идентификуваат преку опсервација на наставникот на часот и лична евиденција на секој наставник одделно. Селекцијата на овие деца се врши и преку индентификациони листи за логичко математичка, ликовна, јазична и музичка надареност.

Работата со надарени и талентирани ученици во нашето училиште се реализира преку:

-индивидуализација во наставата со учениците;
-групна настава за учениците со приближно исти способности ;
-додатна настава;
-проектни активности;
-слободни ученички активности;
-организирање натпревари,конкурси и истражувачки активности;
-организирање креативни работилници .

Програмата за работа со талентирани и надарени ученици е дадена во делот со Прилози

8.13 Работа со ученици со посебни образовни потреби

За учениците со посебни образовни потреби задолжителните и изборните предмети ќе се реализираат со прилагодените програми според нивните посебни образовни потреби (ИОП). Во соработка со УИТ на училиштето, наставниците ќе идентификуваат деца со посебни образовни потреби, а потоа ќе изработуваат прилагодени програми со помош на образовниот асистент и специјален едукатор и рехабилитатор од ресурсен центар“ Маца Овчарова“, каде ќе бидат предвидени и опфатени целите, активностите и времето на реализација на активностите, нивото на постигнување според способноста на ученикот. Исто така наставниците ќе користат соодветни инструменти за следење на тие ученици.

Училишниот инклузивен тим ќе работи како и досега според однапред изготвена програма (во прилог на годишната програма).Членовите на тимот ќе даваат помош и поддршка на наставниците и родителите и ќе го следат напредокот на учениците и ќе развиваат соработка со надлежниот специјален едукатор и рехабилитатор Соња Димова од Ресурсен центар ПОУ „Маца Овчарова“ Велес и други надлежни стручни институции.

Членови на УИТ се: директорот, специјалниот едукатор и рехабилитатор од Ресурсниот центар „Маца Овчарова“, педагог, психолог, двајца наставници и двајца родители.

(Прилог)

8.14 Туторска поддршка на учениците

Според член 36 од Закон за основно образование (Сл.весник на РСМ, бр.161 од 5.8.2019 година), учениците кои ќе имаат потреба од дополнителна помош во совладувањето на одредени наставни содржини и предмети ќе се ангажира дополнителна поддршка, по претходно добиена писмена согласност од родителот која ја реализира тутор-волонтер.Тутор-волонтер, може да биде редовен студент кој доброволно подучува ученици и кој ги исполнува посебните критериумите за избор за тутор-волонтер утврдени со Програмата за обезбедување на туторство на ученици од основното образование.
Имајќи ги предвид потребите и придобивките од ангажманите од ваков тип, училиштето прифаќа и очекува доброволно вклучување на тутори – волонтери во периодот што следи.
Во нашето училиште не се реализира програма за туторска поддршка на учениците

8.15 План на образовен медијатор

Нашето училиште и покрај поднесеното барање до МОН за добивање на образовен медијатор, сеуште нема добиено доколку истото биде одобрено програмата за планираните активности на истиот ќе биде додадена со анекс во програмските прилози.

8. Воннаставни активности

Воннаставните активности придонесуваат за когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на учениците. При планирањето, организирањето и спроведувањето на воннаставните активности во училиштето, се има во предвид дека нивната основна цел е да овозможат стекнување на знаења, вештини и вредности зацртани со Националните стандарди за основно образование, особено за оние содржини кои не се застапени или не се доволно покриени со наставните активности. Воннаставните активности се ориентирани на учениците и прилагодени кон индивидуалните потреби и со разликите меѓу секој од учениците, со цел секој ученик да има можност да ги пронајде и развива своите способности, потенцијали и знаења. Присуството, ангажирноста и напредокот на ученицте, ќе се евидентира од страна на одговорниот наставник.Во нашето училиште се реализираат **краткотрајни воннаставни активности** (излети и екскурзии, еднократни работилници, акции во училиштето, проекти), **подолгорајни воннаставни активности** (секции/клубови).

8.1 Училишни спортски клубови

Во нашето училиште постои Училишен спортски клуб „Даме Груев -Стоби“, кој е регистриран на 19.02.2020 година, кои ги исполнува условите за вршење дејност училишен спорт. Во рамките на реализацијата на спортските активности и што помасовно опфаќање на учениците кои сакаат да се занимаваат со спорт, УСК Стоби - Градско ќе формира повеќе секции во разни спортови како што се во: кошарка, одбојка, фудбал, ракомет, тенис, пинг-понг, шах и други спортски дисциплини. Преку редовните тренинзи во наведените спортски секции, учениците ќе ги откриват своите спортски склоности и талент, кои преку стручна и континуирана работа и тренинзи ќе се развиваат во идни спортисти и натпреварувачи и потенцијални репрезентативци во националните спортски селекции на Република Северна Македонија.

Основни цели на овие активности се:

- Создавање навики кај учениците слободното време да го поминуваат во спортска рекреација и забава;

- Градење на навики за рекреација и здрав живот;

- Развивање на психофизичките способности.

За таа цел, ќе бидат изготвени стручни програми за работа за секоја спортска секција поодделно со распоред на тренинзите и натпреварите на секциите.

Училишен спорт	**Општи цели**	**Конкретни цели**	**Одговорни наставници**	**Време на реализација**	**Опфатеност на ученици**	**Евалуација на постигањата**	**Тимот за следење на реализацијата**
Кошарка Фудбал Ракомет	Правилен психофизички развој, зајакнување на нивното здравје, формирање навики за здрав живот, спортска активност и култура на	-Да ги увежбува и усовршува елементите од кошарката, фудбалот и ракометот -Да јаразвива моториката на спретно реагирање; -Да јаразвива	Наташа Атанасова Александар Поповски Златко Блажевски	Во текот на учебната година 2026/2027	VI-IX	Критериуми за вреднување на постигањата се: бројот на учества на натпревари по нивоа (општински, регионални, државни) како и бројот на освоени награди	Наставниците по ФЗО, директорот.

	добро држење на телото	прецизноста со рацете, духот на спортско- коректно натпреварува-ње и фер -плеј					

8.2 Секции

Секциите претставуваат подолготрајни воннаставни активности кои се одвиваат еднаш неделно и се формираат со цел да ги задоволат потребите на група ученици кои имаат заеднички интереси. Во рамките на секцијата, целата група ученици активно и континуирано учествува во различни активности поврзани со нивниот интерес.

Во училиштето ќе се формираат повеќе секции, насочени кон различни интересни области, а нивната реализација ќе биде во надлежност на наставниците кои ќе ги водат овие активности. Дополнително, доколку е потребно, во работата на секциите ќе се вклучат и други наставници, родители, како и членови од стручната служба на училиштето, со цел да се овозможи што поквалитетна и поцелосна поддршка на учениците.

Секциите се организираат во неколку главни категории, кои ги опфаќаат следниве области:

- **Секции за проширување и продлабочување на наставните содржини** – овие секции се фокусираат на наставни предмети како математика, информатика, литература и ликовна уметност, каде што учениците имаат можност да ги продлабочат и дополнително да ги развијат стекнатите знаења.
- **Секции за поддршка на други воннаставни интереси** – овде спаѓаат активности како фотографија, драма, танцување, готвење и градинарство (хортикултура), кои ја стимулираат креативноста и практичните вештини на учениците.
- **Секции за личен и социјален развој** – овие активности се насочени кон развивање на интеркултурните и мултикултурните вредности, почитувањето на различностите, човековите права, комуникациските вештини, разрешувањето конфликти и дебатите, со што се придонесува за целосен развој на социјалните компетенции на учениците.
- **Спортско-рекреативни секции** – учениците можат да се вклучат во спортски активности како фудбал, кошарка, ракомет, одбојка, пингпонг, планинарење, јога, пилатес и велосипедизам, што придонесува за нивното физичко здравје и тимска соработка.

Преку овие секции и клубови, училиштето создава простор за индивидуализација на воспитно-образовниот процес, овозможувајќи на секој ученик да ги развива своите интереси и способности на начин кој најмногу му одговара. Воннаставните активности имаат за задача да ја поттикнат и негуваат љубопитноста, сознајните способности и креативноста кај учениците. Тие исто така ги подготвуваат учениците за извршување на

задачи кои бараат поголема самостојност и мотивација, развивајќи истрајност и дисциплина при исполнување на училишните обврски. Дополнително, овие активности ги учат учениците како правилно и рационално да го користат своето слободно време, што е важна животна навика.

Одговорноста за навремена, квалитетна и одговорна реализација на програмите за работа на секциите и клубовите во училиштето лежи врз наставниците кои се задолжени за нивното водење. Тие треба да обезбедат континуитет, ангажираност и добра организација на активностите, со цел учениците да имаат максимална корист од воннаставните активности и да го развиваат својот потенцијал на најдобар можен начин.

8.3 Акции

Во нашето училиште во текот на учебната година се организираат разни видови на акции, како што се еколошки акции, базари по повод одбележување на големите верски празници според календарот, со јасно дефинирани содржини ,време на реализација и задолжени за реализација во која задолжително има претставник од Советот на родители.

Во рамките на нашето училиште се организираат и акции од хуманитерен карактер. Истите се спроведуваат со финансиска помош и подршка од учениците-родителите и вработените во училиштето.

Акции	**Содржина**	**Време на реализација**	**Реализатори**	**Опфатеност на ученици**	**Потребни средства, материјали и извори**	**Тим за следење**
Базари	Организирање базари по повод Нова година, Велигден во кои се вклучени учениците, родителите и наставниците.	декември април	наставници	Од I-IX одделение	Сопствени средства	Претставник од Совет на родители,наставници, стручни соработници, директор
Хепенинзи	Ликовен хепенинг по повод Патрониот празник на училиштето	декември	наставници	Од I-IX одделение	Сопствени средства	Наставници
	Ликовен хепенинг во рамките на проектот МИМО	во текот на учебната година	наставници			

Хуманитарни акции	-Денот на општината -Хуманитарна новогодишна акција на ниво на училиштето -Хуманитарни акции доколку се создаде потреба	16 октомври декември во текот на учебната година	стручни соработници, одделенски наставници, членови од Советот на родители.	Од I-IX одделение	Совет на родители	Претставник од Совет на родители,стручни соработници,
Еколошки акции	Светски ден на планетатаЗемја, Денот на пролетта, Активности во соработка со општината Уредување на непосредната околина на училиштето (еколошки акции, кампањи, редовни еколошки патроли)	22 април 22 март во текот на учебната година во текот на учебната година	Еко секција, наставниците	Од I-IX одделение	Сопствени средства	Стручни соработници, наставници, родители

9. Ученичко организирање и учество

Училиштето е многу важен фактор кој систематски и организирано ги подготвуваучениците за предизвиците на модерното општество. Нашето училиште има за цел да изгради граѓани кои демократски и активно ќе учествуваат во животот на заедницата, затоа уште во нашата средина создаваме клима за нивно постепено градење. Ученичкото учество има посебно лично и општествено значење ако се земе предвид дека е најдобро средство преку кое учениците можат да учат како да застанат во одбрана на своите и правата на другите, како да влијаат врз процесите на одлучување и како се учествува демократски во животот на училиштето и на заедницата. Нашето училиште им овозможува активно учество на учениците во одвивањето на сите активности во животот на училиштето кои се дирекно или индирекно поврзани со нив. Ова подразбира:

- атмосфера и услови што ги стимулираат учениците да формираат свои сопствени
- мислења и слободно да ги изразуваат тие мислење без никакви последици;
- имаме изградено механизми и процедури што им овозможуваат на учениците да вршат
- влијание врз одлуките и случувањата во училиштето со јасно видливи резултати;
- ја промовира еднаквоста, и кога се работи за правата, и кога се работи за
- одговорностите;
- развива чувство на одговорност за меѓусебно почитување, градење на осмислени
- училишни норми, почитување на училишните норми и вредности, како и за
- надминување на проблемите во училиштето што се дел од секојдневното живеење;
- поттикнува заедничко учество на учениците во разни процеси што поттикнува
- развивање на нивните компетенции за тимска работа, меѓусебна соработка,
- застапување на заеднички интереси и донесување заеднички одлуки;
- развива социјални вештини и го засилува критичкото размислување кај учениците;
- развива осетливост за потребите, и сопствените и туѓите, и гради почитување и

- прифаќање на различностите

Преку организирање на учениците во Заедницата на паралелка и Ученичкиот парламент се постигнува организирано остварување на интересите на учениците во училиштето. Ученичкиот парламент сочинуваат сите ученици кои на демократски начин избрале претседател кои ке ги преставува во Ученичкиот парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат сите претседатели на паралелката. Претседателот на Ученичкиот парламент се бира на со мнозинство гласови од вкупниот број на преставници од претседателите по пат на тајно гласање.
Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител доставуваат План за работа за новата учебната година, а за финансирањето на активностите ке се обезбедат средства од училиштето, донации од бизнис заедницата и др.

10. Вонучилишни активности

10.1 Екскурзии, излети и настава во природа

За излетите и другите вонучилишни активности на учениците подготвена е програма за екскурзии која е во согласност со Правилникот за начинот за изведување на екскурзиите и која ќе се реализира во согласност со можностите и општата ситуација. Програмата ја изготви Стручен тим формиран од директорот. Во зависност од општата ситуација Училиштето ќе организира екскурзии за учениците од III, VI и IX одд. и тоа: еднодневна за III одд и VI одд. и тридневна екскурзија за учениците од IX одделение. Училиштето во текот на учебната година ќе организира и еднодневни излети за учениците од I, II, IV, VII и VIII одделение. Доколку има интерес, ќе се организира и настава во природа за учениците од V одделение. Во спротивно и за учениците од петто одделение ќе се организира еднодневен излет.

За поадекватно реализирање на наставниот план и програма, за полесно осознавање на наставните планови и содржини планирани се посети на одредени објекти и манифестации од областа на културата кои ќе ги збогатат знаењата на учениците: Театар за деца и млади, Археолошки музеј, Археолошки локалитет , Музеј на Македонската борба, Природно-научен музеј, Зоолошка градина, Саем на книгата, Градски кина, изложби.

Прилог

10.2 Податоци за учениците вклучени во вонучилишните активности

Во текот на учебната година со спроведување на анкета, учениците се изјаснуваат за нивните афинитети кон одредени воннаставни активности и за истите, задолжените наставници водат сопствена евиденција.

11. Натпревари за учениците

Ученичките натпревари се составен дел од воспитно-образовните активности кои имаат цел да се развива натпреварувачкиот дух, да се прошират и збогатат знаењата, да се развива и негува другарството , да се остварат контакти со учениците од други средини, но и да се промовира училиштето и општината. Тие играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот, а имаат и значаен ефект врз кариерата на наставникот како и на училиштето како институција.

Учениците од ООУ „ Даме Груев “ – Градско , под менторство на наставниот кадар учествуваат на :училишни натпревари; општински натпревари; регионални натпревари; државни натпревари; меѓународни ученички натпревари; конкурси од различни видови;

Училиштето во својата Годишна програма определува на кои натпревари и конкурси ќе учествува,во кој период од учебната година, како и кој ученик може да учествува во натпреварот.

Најуспешните ученици од нашето училиште земаат учество на општински и регионални натпревари, а во зависност од постигнатите резултати учествуваат и на државни и меѓународни натпревари. Со организирање и учество на учениците на овие натпревари се мотивираат да стекнуваат поголеми знаења, а се врши и афирмација на самото училиште преку истакнување на постигнатите резултатиналокалнимедуимиисоцијалнитемрежи.

Во ООУ „ Даме Груев “ – Градско во текот на учебната 2026/27 год. ќе се организират и ќе се учествува на општински, регионални и државни натпревари по следните наставни предмети: македонски јазик, математика, англиски јазик, географија, народна техника, физичко и здравствено образование, биологија и други наставни предмети.

Учениците ќе земат учество на училишни,регионални, републички и меѓународни натпревари по оние предмети и области за кои што соодветните здруженија поседуваат акредитација од страна на МОН. Воедно учениците ќе земат учество на распишани конкурси и други форми на натпревари по повод државни празници, јубилејни прослави со свои творби по одделни предмети и области.

Забелешка: Наставниците го задржуваат своето право на своја иницијатива да се вклучат и во други натпревари од национален и интернационален карактер преку кои успешно ќе го промовираат знаењето и талентот на учениците од ООУ ,,Даме Груев”- Градско

12. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Целта на мултикултурализмот и меѓуетничаката интеграција е подигнување на свеста и толеранцијата кај учениците, вработените и останатите чинители во животот научилиштето за вредностите, јазикот, културата и традицијата на различните од нас.

Мултикултурната димензија е присутна во голем дел од постојните наставни планови и програми врз кои се базира работата на училиштето и таа е добра основа за развивање и унапредување на интеркултурната воспитно-образовна практика. Принципите на мултикултурализмот се содржат во Наставниот план за основното образование. Мултикултурното образование му помага на општеството да биде потолерантно, инклузивно и праведно. Во Училиштето наставата се одвива на македонски јазик и тоа спроведува политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Сите ученици без разлика на способностите, полот, етничката и верската припадност се прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Оваа година се планира да се организират повеќе наставни и воннаставни проектни активности во кои ќе бидат вклучени ученици од сите етнички заедници од I до IX одделение. Во нив, се предвидува да бидат вклучени наставници, родители, претставници од Локалната заедница, претставници од Општината и од бизнис-секторот. Со реализација на активностите ќе се подобри соработката меѓу учениците, наставниците, родителите од различна етничка припадност. Со меѓусебната соработка ќе се зајакне атмосферата на

меѓусебно разбирање и почит меѓу сите индивидуи и заедници, развивајќи ја свеста за прифаќање на различноста, културата и обичаите на другите етнички заедници. Училиштето учествува во модел-училишта на Проектот за меѓуетничка интеграција на

младите во образованието (ПМИМО), финансиран од УСАИД и реализиран од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование во соработка со Центарот за човекови права и разрешување конфликти. Училиштето соработува со партнер-училиштето ООУ „Гоце Делчев“ од о.Неготино и ООУ„Страшо Пинџур“ с.Соколарци о.Чешиново Облешево, Основна цел на партнерството е оспособување за соживот во мултикултурното општество, што се остварува преку активности низ кои учениците ќе се ангажираат во размена на култури и традиции, како и заедничко промовирање на

културното наследство меѓу двете училишта преку посети на културни и образовни манифестации, празници, изложби, разни еколошки акции и др. Во текот на учебната година ќе се реализираат разни видови тематски активности (онлајн или со физичко

присуство) преку кои учениците ќе осознаат нови обичаи и култури за своите соученици од различните етнички заедници. Ученици од сите етнички групи и различна полова припадност ќе бидат вклучени во разни спортски натпревари, квизови, организирани во самото училиште како и во другите училишта од Општината.

Во нашето училиште контиуирано ќе се реализираат МИМО-активности во текот на целата учебна година со кои ќе се промовира мултикултурното учење помеѓу ученици од различни етнички заедници, притоа развивајќи вредности за заедничко живеење и почитување. Со заедничките МИМО-активности и интеракцијата, кај учениците се развива комуницијата и соработката и меѓусебна доверба. Акцискиот план и Годишното планирање на МИМО-активностите содржи работилници со мултикултурен карактер за часовите на одделенска заедница, како и за часови по различни предмети во одредени содржини кои дозволуваат да се применува мултикултурализмот. Во текот на учебната година планирани се проекти, воннаставни активности, креативни работилници, спортски дружења, научни истражувања со мултикултурен карактер. стратегии или во рамките на самото училиште. За реализацијата ќе бидат вклучени ученици од одделенска или предметна настава, во зависност од видот на активноста, родители и наставници. Средствата за реализација на активностите ќе бидат обезбедени од грантовите одобрени за реализација на МИМО-проектите.

13. Проекти што се реализираат во основното училиште

Нашето училиште континуирано е вклучено во образовните реформи кои повлекуваат реализирање на проекти што ќе придонесат за подобрување на квалитетот на наставата. Во училиштето се реализират следните проекти:

- „Унапредување на менталното здравје на учениците“,
- „Интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем“,
- „Инклузија на деца со ПОП“
- Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Нашето училиште во текот на учебната година ќе ги прифати сите релевантни проекти кои се во согласност со нашата визија и мисија, а се во интерес на доброто образование и добро воспитание на учениците. Но, училиштето ќе се приклучи и во тековно понудени проекти што се во интерес на стручната надградба на наставниот кадар, како и проекти кои се во интерес на едукацијата на родителите за правилен однос и воспитување на нивните деца – наши ученици.

(Прилог)

14. Поддршка на учениците

14.1 Постигнување на учениците

Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност и наставни предмети. Стручната служба изготвува анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на квалификационите периоди, исто така изготвува и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки, национален состав и по пол за 3 години наназад. Со цел подобрување на резултатите во постигањата на учениците, Училиштето организира дополнителна, додатна настава и разни форми на воннаставни и слободни активности.

Наставниот кадар во нашето училиште води редовна евиденција на сите постигнувања на нашите ученици кои достојно го претставуваат нашето училиште во сите натпреварувања организирани од БРО, Федерација за училишни спортови на Македонија и други друштва од земјата. Евиденција се води и пооделно за секој ученик и ментор во професионалното досие на секој од наставниците во училиштето. Нашето училиште јавно ги пофали и соодветно ги награди сите заслужни за постигнатите резултати во последните години и ќе продолжи да го спроведува истото и во следните години. На сите ученици им без доделени посебни пофалници за постигнатите резултати и достоинственото презентирање и афирмирање на нашето училиште низ државата, кои свечено им беа доделени на јубилејниот патронат на училиштето пред учениците и родителите.

14.2 Професионална ориентација на учениците

Програмата за професионална ориентација во основните училишта има за цел да им помогне на учениците и нивните родители/старатели при изборот на средното училиште во согласност со особеностите, способностите и афинитетите на учениците. Во секојдневниот живот се соочуваме со потребата да направиме избор за нешто. Најголем предизвик се изборите и одлуките кои со себе носат и најголеми промени, како што е изборот на идната професија. Изборот на професија како една од најважните одлуки кои влијаат врз понатамошниот квалитет на живот, поради што е неопходно да се создадат услови младата личност да се оспособи да ги донесе најдобрите одлуки. Денес младите имаат широк спектар на можности за стекнување на образование, но во исто време, се соочуваат со потешки барања, поголема конкуренција и посложени потреби на пазарот на кој многу брзо се менува. Преку динамичкиот модел на професионална ориентација младата личност станува компетентна и способна самостојно да донесе одлука за својата идна професија. Програмата за професионална ориентација ќе се реализира со сите ученици без разлика на пол, етничка припадност и социјален статус, а преку реализацијата на истата ќе се настојува да се да се надминат родовите, етничките и другите стереотипи и предрасуди во однос на професиите. Под поимот професионална ориентација се подразбираат збир на постапки,почнувајќи од информирање за можностите за образование и видот на професии, се до индивидуално советување. Составни делови на професионалната ориентација се себеспознавањето, односно откривање на сопствените потреби и афинитети преку поглед во сопствената личност, екстерно разбирање, кое претставува поглед во реалниот свет на занимањата и професиите, како и постапките за следење и водење низ процесот при изборот на занимањето и носењето на одлука.

Појдовни основи за концепирање на програмата:

- Правилно информирање на учениците за избор на занимање според нивните интереси и способности
- Упатства и совети до родителите; значаен и влијателен фактор за избор на занимање
- Влијанието на другарите и пријателите при избор на занимање
- Влијанието на општеството и медиумската култура при избор на занимање

Прилог

14.3 Промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Училиштето презема мерки за намалување на дискриминацијата на учениците, нивна заштита од насилство, злоупотреба и сл. Во тој контекст ќе се одржуваат работилници и тоа од страна на одделенските раководители за време на одделенските часови, од страна на стручната служба, но и од страна на други институции и центри со кои училиштето соработува. Во одредени случаи, родителите задолжително се повикуваат на советување и давање насоки за постапување во однос на воспитувањето на нивните деца и по потреба се упатуваат до соодветната институција. Во училиштето многу ретко се забележува вршење на меѓуврснички насилство. При ваква појава стручната служба во соработка со наставниците и родителите на учениците преземаат активности, со цел надминување на ваквата појава.

Со цел заштита на учениците од злоупотреба, занемарување и запуштање, училиштето има институционална соработка со:

- Центар за социјална работа;
- МВР - здружение на граѓани и полиција;
- Медицински центар – оддел за ментално здравје;
- Други органи и тела во општината;
- Основни и средни училишта;
- Невладини организации;
- Црвен Крст - Велес.

15. Оценување

15.1 Видови оценување и календар на оценувањето

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и нумерички според три периоди: Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето. Учениците кои се опфатени во вториот период IV-VI одделение се оценуваат со описни и нумерички оценки. На крајот од првото и третото тромесечие добиваат описни оценки а на полугодие и на крајот од учебната година добиваат нумерички оценки се со цел полесно адаптирање кон преминот во третиот период на деветгодишното образование. Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценуваат само со нумерички оценки. Напочетокот на секоја учебна година наставниците изготвуваат План за писмено проверувањена постигањата на учениците и истиот е евидентиран во дневникот на паралелката. Исто така проверувањата на постигањата на учениците (формативно и сумативно оценување) со однапред утврдена динамика, наставниците ја дефинираат во нивнитегодишни тематски ипроцесни планирања. Се користат форми, методи на следење, инструменти за следење на постигањата на учениците (чек листи, аналитички листи, увид во портфолио.

15.2 Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето постои тим за следење,анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување. За да се согледа состојбата во оценувањето во училиштето се врши посета на часови и увид во дневните подготовки, се прибираат податоци за изготвување на извештаи и компаративни анализи .Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки, по пол и националност за 3 години наназад. При оценувањето се почитува транспарентноста, односно учениците и родителите редовно се информираат за постигањата оцените.Со цел постигнување објективност во оценувањето наставниците континуирано даваат усна и писмена информација за нивните постигања. За истата цел наставниците изготвуваат објективни тестови со квалитетни тест задачи за што интерно се обучени.

15.3 Стручни посети за следење, анализа и поддршка

Сите предметни наставници се должни до септември 2026 да ги достават новите годишни глобални планови како и првите наставни теми. Исто така секој од нив треба да поседува дневна подготовка за реализација на наставниот час која ќе биде предмет на систематско анализирање и вреднување. Ќе се следи и евидентира секоја забелешка во поглед на потешкотиите и слабостите особен о во новите наставни планови и програми со цел истите да се надминат.

Следењето и вреднувањето на работата на наставниците ќе го вршат:

1. членовите на соодветен актив , каде не учествува самиот наставник при негово оценување(пр. Во активот на јазичари има 7 наставници за оценување на секој наставник учествуваат 6-те наставници), извештај поднесуваат до директорот,
2. директорот со следење на часови најмалку 2 пати во текот на едно полугодие кај секој наставник,
3. стручна служба преку посета на часови и контрола на планирања на наставниците
4. советници од Бирото за развој на образованието,
5. ДИЦ

6. Државниот просветен инспекторат,
Следењето и вреднувањето на работата на наставниците ќе го опфаќа следното:
- Настава и други видиви организирана работа со учениците;
- Следење и оценување на учениците;
- Планирање на наставата и избор на форми, методи и сретства за нејзино реализирање;
- Подготовка на дидактички помагала;
- Соработка со родителите;
- Вршење на задачи на одделенски раководител;
- Учество во интерно проверување на учениците;
- Водење на педагошка евиденција и документација;
- Уредување на кабинети, збирки, училишни работилници, вежбални, игралишта, насади и сл.
- Организирање на културни, спортски и други општокорисни активности со учениците;
- Водење на слободни ученички активности и работа на проекти и истражувања со учениците;
- Подготвување и водење екскурзии, излети, натпревари, настава во природа, и сл;
- Вршење на други работи предвидени со годишната програма;
Стручната служба континуирано води Професионално досие за наставниците. Секој наставник води сопствено наставничко портфолио.

15.4 Самоевалуација на училиштето

Согласно член 146 од Законот за основно образование училиштето врши самоевалуација која се спроведува на крајот на секоја втора наставна година и има за цел. Самоевалуацијата опфаќа 7 подрачја, а податоците кои се содржат во неа се добиваат од различни извори: главни книги, годишни, полугодишни извештаи, годишна програма за работа на училиштето, одделенски дневници, записници од Училишен одбор, наставнички совети, разговори, интервјуа, анкети за учениците, наставниците и родителите, набљудување и сл.

За секое подрачје се формира и тим за изработка кој детално го обработува своето поле и изнесува слаби и јаки страни, како и анализа на резултатите и идни активности кои ќе бидат спроведени.

Самоевалуацијата се спроведува во три фази:

-подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата);

-фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиват и се усогласуваат добиените наод, се подготвуваат поединечни извештаи и за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);

-фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапност на на нацрт извештајот за Наставничкиот совет, Совет на родители, ученици, директорот на училиштето и Училишен одбор кои можат да достават забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација).

Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во училиштето, распоредени во тимови поделени по подрачја.

Врз основа на Извештајот од извршената самоевалуација со предлог за подобрување на квалитетот на наставата, училиштето изготвува Програма за развој.

Последната смоевалуација е спроведена во декември 2025 год. Врз основа на анализите од самоевалуацијата се темелат и приоритетите и целите кои се содржат во оваа Годишна програма, изнесени погоре.

16. Безбедност на училиштето

Училиштето располага со интерен План за заштита и спасување при настанување на елементарни непогоди. Во планот се опфатени ресурсите со кои располага училиштето за заштита и мерките кои би се превземале за избегнување или намалување на несаканите последици во случај на елементарни непогоди:земјотрес,поплава,пожар,невреме,исл. Поставени се ПП апарати на видно место и се обучени наставници и вработени за употреба на истите и истите редовно се сервисираат. Училиштето има План за евакуација истакнат на видно место во училиштето.За вработените се организираат редовно обуки за безбедност при работа и вежби и симулации за постапувања во случај на елементарни непогоди.Во училиштето соодветно се означени потенцијално опасните места за учениците и вработените преку видливи ознаки. За одржување на безбедноста во училиштето, ќе продолжи да функционира физичкото обезбедување и поставениот видео надзор, а во ходниците ќе се изведува дежурство од страна на наставници.Наставниците дежураат пред почетокот на часовите и за време на големиот одмор . Дежурството на наставниците се изведуваат согласно распоредот за дежурства.

Училиштето располага со противпожарни апарати кои се поставени на видно место во училиштето и на секој од нив е ставено упатство за употреба.

Во училиштето има „План и програма за заштита и спасување при случај на елементарни непогоди”.(прилог)

17. Грижа за здравјето

Заштита и унапредувањето на здравјето на учениците се остварува со редовни систематски лекарски прегледи, вакцинации, стручни предавања (а кога ќе има потреба ќе се преземаат и други мерки) за што се води евиденција во стручната служба.

Здравјето е најважно од сè, затоа училиштето чувствува одговорност за едуцирање на учениците од областа на здравјето и практично прикажување на здрава и чиста средина настојувајќи да биде пример и поткрепа за целата теорија која им се прикажува на учениците.

Затоа во училиштето се врши редовно одржување на хигиената во училиниците, помошните простории, санитарните јазли,училишниот двор и фискултурната сала.

Редовно и навремено се врши чистење на училишните ходници. Хигиеничарите според утврден распоред вршат контрола на секоја пауза помеѓу часовите и се проверува хигиената во училниците, ходниците и тоалетите во училиштето.

Секој месец се спроведува генерално чистење на целото училиште.

Училиштето има специјализирани канти за селектирање на отпадот. Спроведените Еко-акции значително влијаат на подобрување на хигиената, подигање на еко - свеста кај учениците, формирање хигиенски навики и осознавање за здрава и чиста животна средина.

18.2 Систематски прегледи

Систематските прегледи се задолжителни за вработените и за учениците. Тие се вршат во договорени термини во соработка со ЈЗУ-Здравствен дом Велес-Школска медицина, ЈЗУ Здравствен дом Велес – завод за здравствена застита-одделение Медицина на трудот,Сектор за епидемиологија и микробиологија и училиштето,според плановите за работа на институциите.За вработените покрај редовниот годишен санитарен преглед на секои три год,се врши и систематски преглед кој опфаќа: општ лекарски преглед, лабаториски преглед,интернистички, офтамотолошки преглед, ОРЛ преглед.Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: Iодд, IIIодд, Vодд, VIIодд и IXодд., кој опфаќа:мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на ’рбетниот столб и локомоторниот систем, лабараториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување

(доколку има потреба).

Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од I одд до VI одд, како и залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон. За сите прегледи навремено се информирани родителите и истите се изведуваат во ЈЗУ Здравствен дом Велес. При договарање на термините за вршење на прегледите се води сметка истите да се извршуваат во термини пред започнување или после завршување на часовите за да не се попречува наставниот процес. Сите добиени резултати, информации,состојби,укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоците.

18.3 Вакцинирање

Вакцинацијата се изведува по календарот за имунизација и вакцинација по определен распоред кој го добива училиштето од здравствените установи тековно, според наведените насоки и потреби дадени од Центарот за јавно здравје Велес.

Одговорни лица за спроведување на активноста се стручната служба служба и класните раководители.

18.4 Едукација за здрава храна – оброк во училиштата

Училишниот Еко тим прави програма за едукација на учениците за здрава храна во која се вклучени едукативни предавања и презентации. Во програмата Образование на животните вештини (ОЖВ) која се изведува на часовите на оделенската заедница се реализира на повеќе теми за здрава храна,здравиот начин на исхрана и живеење.Одделенските наставници реализираат работилници вклучувајќи ги и родителите.

Еко тимот во соработка со учениците,родителите и наставниците ќе изработат штанд за презентација на здрава храна по повод 7 -ми Април Светскиот ден на здравјето.

18. Училишна клима

Почитувањето и единството на сите вработени во целокупниот живот и работата на училиштето е на високо ниво. Училишната клима честопати се нарекува срце и душа на едно училиште. Таа е квалитативна карактеристика на училиштето која на секоја индивидуа и помага да се чувствува вредно, гордо, важно и да чувствува дека е дел од училишната заедница. Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес претставуваат многу значаен сегмент во животот и работата на училиштето. Позитивната клима ја поттикнува и зачувува поврзаноста на учесниците, го дефинира и изградува чувството на меѓусебна поврзаност и доверба и води кон крајната цел, а тоа е непречено одвивање на воспитно образовниот процес во мирна, инспиративна истимулирачка атмосфера. да се обезбеди позитивна клима важен е допринесот на сите присутни во училиштето, за таа цел ќе се реализираат активности на ниво на паралелки, генерации па и на ниво на училиште што во голем дел ќе влијае на поттикнување на истата од основната група Паралелка па се до ниво на цело училиште. Изградената и зачувана позитивната клима во училиштето ќе има влијание на многу аспекти вклучувајќи:

1. **Мотивација и училишен напредок** во насока на креирање пријатна и поттикнувачка атмосфера за учење. Учениците се подобро мотивирани да се ангажираат во учењето и да ги постигнат своите цели. Ова ќе резултира со подобар училишен напредок и подобрување на успехот.

2. **Зголемена ангажираност и учество** во процесот на наставата и различни воннаставни активности. Учениците се мотивирани да ги изразат своите идеи и мислења, што ќе ја засилува комуникацијата и соработката помеѓу учениците, наставниците и Стручната служба во училиштето.

3. **Подобар социо–емоционален развој** им помага на учениците да развијат почитување, емоционална интелигенција и социјални вештини.

4. **Стабилност и безбедност** како чувство на учениците ќе им овозможи да се чувствуваат безбедно и сигурно. Ќе се создаваат односи на доверба помеѓу учениците и наставниците, што ќе им помогне на учениците да се фокусираат на своето учење и да се развиваат без притисок и страв.

5. **Спроведување на вредностите и нормите** ќе влијаат на позитивната клима во училиштето ќе ги поттикнуваат и поддржуваат вредностите како почитување и интегритет што ќе влијае на создавање на посакувана слика во училиштето и негова афирмација во поширокатa средина.

18.1 Дисциплина

Училиштето водејќи сметка за целосната дисциплина во училиштето а со тоа ја обезбедува и безбедноста на учениците во училиштето. За подобрување на училишната дисциплина во училиштето е донесен Куќен ред кој треба да го почитуваат сите субјекти во училиштето. Се изработуваат правилници и кодекси за однесување на вработените, учениците и родителите. Дисциплината во училиштето се одржува преку редовно дежурство на наставниците распоредени низ училишната зграда и простории. Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки ,пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и Евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците и др.интерни протоколи. Дежурните наставници редовно водат писмена евиденција за тековните збиднувања во наставниот ден и случувања за време на одморите .За дежурствата се бележи соодветна документација за сите збиднувања за време на одморите.

18.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Сите вработени и ученици во училиштето се задолжени да придонесуваат за естетското и функционално уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации. Во училиштето се организираат разновидни настани чија реализација

бара соодветно уредување: патронен празник и хепенинзи на различни теми. Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангжирање во воспитно -образовниот процес. По повод одредени празници во училиштето се формираат комисии за избор на најубаво уредена училница, за која учениците добиваат пригодни награди кои претставуваат мотивација и поттик за континуирано естетско уредување на просторот во училиштето.Со учество на учениците и наставниците во училиштето, а во некои активности и со учество на родителитесе води и континуирана грижа за изгледот и хортикултурно уредување на училишниот двор, одржување на зеленилото, цвеќињата, поставените клупи и кантите за отпадоци.

Во училиштето се развива одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето и естетскиот амбиент на просторот (училниците) во кои се поминува голем дел од денот.

Преку реализацијата на општествено корисната работа кај учениците ќе се негува позитивниот однос кон работата. Во текот на учебната година одговорните наставници и сите членови вклучени во воспитно-образовниот процес, ќе учествуваат во активностите според програмата дадена од одговорните на тимот Сашко Арсовски, Биљана Славева и Маја Милосављевиќ,а во која се посочени активности за разубавувавање и уредување на училниците, холовите, преку заеднички работилници, изработки според актуелните теми кои ќе се реализираат.

18.3 Етички кодекси

Во училиштето постојат кодекси на однесување за сите субјекти кои го сочинуваат. Кодексите се донесени во согласност со Законот за основно образование, а сите субјекти имаат земено учество во нивното изработување. Кодексите се истакнати на видни места во училиштето и во нив јасно се дефинирани правилата кои треба да се почитуваат.
Такви се :

- *Куќен ред*
- *Кодекс за однесување наученицките*
- *Кодекс за однесување нанаставниците*
- *Кодекс на однесување народителите*
- *Еко кодекс*
- *Правилник за видовите педагошки мерки кај учениците инаставниците*
- *Правилник за видовите на пофалби, награди кај учениците инаставниците*
- *Правилник за оценувањена работата и стручните соработници наставниците и напредување во звања*
- *Правилник за организирање и изведување ученичкиекскурзии*
- *Правилник за водењето, формата и содржината на педагошката евиденција идокументација*
- *Правилник за надоместок на штета направена од учениците врз компјутерите и целата опрема и друг училиштен инвентар*

Во постапката за донесувањето на наведените кодекси и правилници вклучени се и учениците во рамките на активностите на нивните ученички заедници и училишната заедница.

Други форми на уредување на односите

Во интерес на одржување на добри односи на училишната средина,се реализираат и следните активности:

- ***Дежурство на ученици во училница***
- ***Дежурства на наставници***

18.4 Односи меѓу сите структури во училиштето

Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него (Директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученичка заедница, Стручни активи).Таа комуникција се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него.Одговорните на сите структури го сочинуваат тимот кој ќе се грижи за надминување на евентуалните негативни појави во однос на училишната клима, изготвувајќи предлог мерки за нејзино подобрување.Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка , вработените во училиштето, како и досега,ќе остваруваат формални и неформални средби, односно ќе се организираат заеднички прослави, екскурзии, свеченост, посети и сл. Како и секоја учебна година училиштето ќе организира заеднички средби и прослави по повод: Ден на училиштето, Нова година, Денот на жената, Ден на шегата, Екскурзии за учениците и наставниците. Оваа учебна година посебно внимание ќе се посвети на прослава на верските празници : Велигден, Курбан Бајрам во рамките на Проектот за меѓуетничка нтеграција во образованието” .

19. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Професионалниот развој претставува динамичен процес кој постојано се надградува и се усовршува со цел да се постигне подобар квалитет и ефикасност на училиштето. За добар професионален развој голема улога има успешното раководење и управување со наставничкот потенцијал. Тимот за професионалниот развој во состав: директор, стручни соработници, претседатели на стручни активи и наставници, ги детектира потребите за професионално усовршување на наставниот кадар. Усовршувањето на наставникот преку континуирано образование, има особено значење за наставниците кои се одговорни пред новите општествени барања и затоа преземаат активности како дел од промените во училиштето и поширокатa општествена средина. Училиштето води грижа за професионалниот развој на образовниот кадар земајќи ги предвид концептот на доживотно учење и новините во образованието, како и констатираните состојби од изработените самоевалвации и интегралните увиди. Образовниот кадар континуирано ги следи понудените обуки, семинари, работилници, конференции, трибини, организирани од страна на МОН, БРО, невладини организации и други релевантни институции. Стручната служба води професионално досие за секој наставник. Се врши дисеминација на посетените обуки и семинари со цел пренесување и едуцирање на новините во воспитно-образовниот процес на наставниците.

20.2. Активности за професионален развој

Приоритетите за професионалниот развој на наставниците ќе произлезат од изготвените извештаи, како и евалуацијата од работата на Училиштето. Од особено значење се советувањата и стручните подготовки од страна на Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука и други стручни институции од областа на воспитно-образовниот процес, но и училиштето кое

самостојно спроведува интерно стручно усовршување на образовниот кадар. Според потребите на професионалниот развој на вработените се планира реализација на интерни обуки, семинари, работилници од кои имаат потреба наставниците како и дисеминации од посетени обуки.

20.3. Личен професионален развој

Личниот професионален развој подразбира индивидуално мотивирање на наставниците за континуирано посетување на семинари и обуки, за сертифицирање, вреднување, за нивно поуспешно учество во конференции, регионални средби, пишани рубрики или статии во стручна литература. Преку стручните активи, организирање на отворени часови и работилници училиштето планира различни видови организирање и пренесување на знаењата или размена на професионалното искуство. Во текот на наставната година планирани се посети и анализи на наставните часови. По посетата на часовите наставникот реализира консултација со тимот кој го посетил (директор, стручна служба) при што се укажува за успешноста на часот како и насоки за надминување на пропустите.

20.4. Хоризонтално учење

Хоризонталното учење претставува организирано и планирано пренесување на знаењата или размена на професионалните искуства, внатре во училиштето или помеѓу училиштата преку стручните активи, организирање на отворени часови, работилници и слично.

Наставниците учат едни од други и постигнуваат високи резултати преку различните видови хоризонтално учење. Активностите кои ќе следат се начини преку кои се изведува хоризонталното учење во училиштето како организација во која се учи. Собирање и разгледување на информации за можностите за усовршување на професионалниот развој и тоа:

- Информации за стручна литература;
- Информации за семинари и други активности на професионален план каде што

учествуваат наставниците;

 Информации за акредитирани програми за стручно усовршување на наставниците

(каталог на програми за стручно усовршување);

 Размена на искуства мегу наставниците во училиштето и со други училишта;

 Информации од МОН и БРО за активности во учебната 2026/27 год.

Во училиштето се организираат работилници, дебати, дискусии, презентации на кои можат да се поканат и наставници од други училишта. На овие состаноци се разгледуваат теми кои се значајни за ВОР и се прави меѓупредметна корелација. Семинарите во училиштето се реализаат по различни програми на обуки кои се темелат врз основа на потребите на наставниците онлајн или со физичко присуство од наставници обучувачи и обучувачи надвор од училиштето. Отворените или нагледните часови ќе се организираат на ниво на одделенска и предметна настава и на ниво на стручни активи. Притоа ќе се внимава овие часови да бидат на тема која ќе ги заинтересира сите наставници или барем повеќе од нив како што се: интерактивни современи техники и методи во наставата, учење и оценување, разни проектни активности. Менторство на наставник-приправник е процес во кој наставниците даваат поддршка на студент или наставник-почетник за полесно воведување во практиката за да добијат одредено искуство и да можат успешно да го завршат приправничкиот стаж. Менторскиот процес овозможува можност професинално да се усовршува и менторот и наставникот-приправник. Овој начин на менторство не мора да се однесува само на наставниците-приправници, туку и на размена на искуства и идеи помеѓу другите наставници.

20.3 Личен професионален развој

Секој наставник е задолжен да:

- води сопствено портфолио/ професионално досие кое е контролирано од стручната служба и инспектори од ДПИ,

- посетува семинари, обуки, работилници, работни состаноци со цел лично усовршување, стекнување нови искуства и сертификати,

- изработи план за личен професионален развој.

20.4 Хоризонтално учење

Хоризонталното учење, како и досега, ќе се остварува преку размена на искуства и добри практики на наставниците на ниво на училиште, преку стручните активи, отворените часови, дисеминации, работилници и други облици на состаноци и едукации внатре во организацијата, но и преку соработка со колеги од други училишта од земјава и странство.
За успешно имплементирање на ваквиот вид учење неопходно е унапредување на тимската работа.
Професионалниот развој во училиштето подразбира различни видови на организирано и планирано пренесување на знаења или размена на искуства во самото училиште или помеѓу училишта. Оваа година ќе се стави акцент на размена на искуства од полето на:
- користење на ИКТ во наставата (образовни интернет портали);
- размена на позитивни искуства;
- примена на техники и други современи методи на работа (смарт табли, апликации, квизови, онлајн тестови во формс и останати соодветни апликации)

20.5 Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Планот за професионален развој се однесува за подобрување на наставната практика од страна на наставниците со крајна цел подобрување на постигањата на учениците.

За оваа цел во училиштето постои и тим за професионален развој.

Главна цел на овој тим е подобрување на наставната практика и пренесување на искуствата меѓу наставниците кои посетувале семинари и обуки. Доколку во текот на учебната година МОН и БРО достават одредени понуди за посета на обуки и семинари тековно ќе се одредат кои ќе бидат носители на тие обуки.

Во однос на личниот и професионален развој за секој наставник директорот на училиштето и стручната служба во своите годишни програми го планираат поединечното следење и напредување на
наставниците преку однапред подготвени интерни критериуми.
Наставниците кои покажуваат афинитети кон одредени подрачја се мотивираат за посета на семинари, обуки, учество на конференци и и сл.

За професионалниот развој на наставниците во годишната програма и во програмата на тимот за професионален развој се планира/организира пренесување на знаења и размена на искуства преку организирање на отворени часови и работилници.

Особено акцент ќе се стави на следниве работи:

Едукација на наставниот кадар за изведување на настава на далечина, преку платформа која ќе даде успешност во организација, изведување и оценување на ефектите од наставата;

Подобрување на соработката помеѓу одделенските и предметните наставници (посебно со наставниците во пето одд. и предметните наставници во шесто);

Презентација на проектни задачи од предметна и одделенска настава

Нагледни часови на ниво активи:

Актив на наставници по македонски, англиски и француски јазик

Стручен актив на наставници од општествена група предмети

Стручен актив на наставници по математика, физика и информатика

Стручен актив на наставници од одделенска настава

За подобрување на училишната клима и тимската работа помеѓу наставниците се настојува односите кои се воспоставуваат меѓу наставниците да бидат на високо професионално ниво со искрена меѓусебна соработка и заемна помош.

Продлабочувањето на соработката се остварува низ индивидуалните средби на наставниците во самото училиште, средби на стручните активи како и меѓуучилишна и меѓуопштинска соработка.

Улогата на училишниот тим за професионален развој е: да се почитуваат принципите за работа; континуирана соработка и поддршка; создавање на култура и подигнување на свесноста за потребата од континуиран професионален развој; поттикнување на доживотното учење и креирање на можност за тимска работа и меѓусебна соработка на наставниците. Сето ова ќе биде ралзизирано преку активностите планирани во годишната програма за работа на училишниот тим за професионален развој. Планот за професионален развој е фокусиран за подобрување на наставната практика од страна на наставниците со крајна цел подобрување на постигањата на учениците. Овој план е интерен и изработен од тимот за професионален развој. Главна и основна цел на овој план е подобрување на пренесување на одредени искуства од наставници кои посетувале семинари. Со професионалниот развој треба да се опфатат сите наставници од предметна и одделенска настава.

Со програмата се опфатени 5 подрачја, од кои произлегуваат главните цели кои се детално разработени подолу:

1. Планирање и реализација на наставата
2. Излегување во пресрет на потребите и оценување на учениците
3. Создавање безбедна и стимулативна средина и клима за учење
4. Социјална и образовна инклузија на учениците и родителите
5. Професионален развој и соработка

За секој наставник во ООУ „Даме Груев“ Градско, стручната служба во договор и соработка со наставникот води Професионално досие, според Правилникот за водење на професионалното досие на наставникот и стручниот соработник во основното училиште, освен професионалните досиеја на стручните соработници кои ги води директорот на училиштето

(прилог)

20. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

20.1 Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Родителите/старателите се вклучени во работата на училиштето преку Советот на родители. Во Советот на родители членуваат претставници-родители од сите одделенија во училиштето. Промената на членовите се врши секој септември кога на родителските средби се избираат членовите за во Советот на родители. Советот на родители преку својата програма за работа дава предлози и идејни решенија за соодветни потешкотии во работата, го следи преку извештаите напредокот на училиштето. Родителите/старателите за секое случување во училиштето, постигнувањата на учениците се известуваат преку родителските средби, приемните денови на наставниците и отворените денови. Преку брошура родителите/старателите се известуваат за најважните активности планирани во годишната програма за работа на училиштето. Преку програмата за советување родители на ученици кои покажуваат несоодветно однесување, кои имаат три и повеќе негативни оценки по постигувањата и успехот и кои имаат десет и повеќе неоправдани изостаноци и над 100 оправдани стручните соработници остваруваат едукација и советување .(прилог)

20.2 Влученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Родителите постојано ќе бидат вклучени во процесот на учење со тоа што ќе бидат информирани за наставниот план и програма, како и самиот наставен процес на различни начини:

- -преку Советот на родители
- -преку групни и индивидуални средби со наставници
- -преку стручната служба на училиштето
- -преку Е-дневникот

 Со тоа ќе им се даде можност навреме да бидат информирани и навреме да делуваат по прашањето на успехот и поведението на своите деца.

 Учеството на родителите во процесот на учење ќе биде насочено и кон давање помош при изработка на нагледни средства и дидактички материјали за покреативно изведување на наставата.

Ќе бидат земени во предвид дадените предлози од стана на родителите, во однос на учество на разни манифестации (продажни, изложбени и собирни акции во училиштето) како помошници во изработка на производи зависно од темата , промоции, како и посета на одредени институции и објекти кои се тесно поврзани со наставниот план и програми.

20.3 Едукација на родителите/старателите

За одредени теми се организираат едукативни работилници за родителите, работилници и трибини, советодавно индивидуални и групни советувања за одредени проблеми*.*

Покрај погоренаведените облици на соработка со родителите, училиштетоја спроведува и Програмата за советување на родители која се врши со:

- Родители чии ученици изостануваат од настава;
- Родители на ученици кои имаат слаби оцени по три предмети или покажале нагло опаѓање на училишниот успех;
- Родители на ученици кои манифестираат асоцијални облици на однесување.

Преку ваквото советување на родителите се врши едукација за препознавање на сопствениот стил на родителство во служба на подобрување на комуникацијата помеѓу учениците и родителите и надминувањето на постоечките препреки кои се причина за одредено детектирано однесување.

Проследувајќи ги стручните презентации на училишниот психолог родителите ќе имаат можност од стручен аспект да се здобијат со подобри комуникациски вештини и правилен избор на момент и делување врз своите деца.

За промоција на училиштето активно функционира фејсбук страната на која што постојано се објавуваат фотографии и статуси за активностите на училиштето.

Претставниците на родителите во Советот на родители учествуваат со свои евентуални предлози при изработка на информативната брошура за родители.

(прилог)

21. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА

Соработката со локалната заедница ќе се остварува преку повеќе форми на работа, електронски, усно и ќе пристапиме кон реализирање на активностите кои ќе ги понуди истата. (Во прилог на оваа програма има и програма за соработка со локалната средина и заедница.)

ИНСТИТУЦИИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТРАТА

Сите конкурси и покани за натпревари кои стигнуваат во нашето училиште, ќе бидат доставени до одговорните наставници и истите ќе бидат спроведени преку учество на учениците. Ликовните и литературните изложби, споменици и други установи ќе бидат посетени според потребите на наставата и по избор на предметниот или одделенски наставник. Кино и театарските претстави ќе ги

организираме исто така според потребите на наставата со избор на кино или театарска претстава од страна на одговорните наставници и соодветно на возраста на учениците. Сите овие активности се вградени во програмите на стручните активи.

ИНСТИТУЦИИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Соработката со МОН може да биде во двонасочна комуникација преку разни барања, дописи, известувања, извештаи и други облици кои што произлегуваат од потребите во текот на целата учебна година, а се со цел постигнување на основните цели на воспитно-образовниот процес. Соработката со БРО се заснова на пишана и електронска комуникација, како и средби организирани од нивна страна за професионален развој на наставниот кадар и стручната служба. Соработката со ДПИ може да биде во пишана, електронска комуникација како и преку разни увиди и посети.

НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Соработката со невладините организации се заснова на одредени средби, работни состаноци по повод заеднички активности и проекти и сл. Училиштето е отворено за соработка со невладиниот сектор и организациите чија дејност има за цел подобрување на здравјето и условите за учениците. Учениците преку соодветни наставни единици се информираат за задачите на Детската амбасада и СОС центри и се информираат за целта на нивното постоење како и за телефонските броеви. Училиштето соработува со Општинската организација на Црвен крст од Велес и во текот на учебната година се изведуваат повеќе активности

СПОРТСКИ ДРУШТВА

Учениците од ООУ „Даме Груев “ учествуваат во СУА по физичко и здравствено образование и наставниците преку селекција формираат групи по повеќе спортски дисциплини (спортови - мал фудбал, кошарка, ракомет, одбојка, пинг-понг, шах) по интерес на учениците од двата пола машки -женски. Сите овие натпревари се во организација на Федерацијата на училишен спорт кое во

соработка на канцеларииите на училишен спорт Велес учениците учествуваат на општински натпревари во Велес, на овие натпревари учествуваат сите основни училишта кои што гравитираат во општината. Преку систем на елиминација на овие натпревари учениците учествуваат потоа на регионални натпревари па на државни кои се организирани од Федерацијата на училишен спорт на Р.С.Македонија и се одржуваат во месец мај во тековната година.

ЗДРАВСТВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Како и досега, училиштето ќе продолжи да соработува со институциите кои се директно поврзани со грижата за здравјето на учениците, а тоа се: ЈЗУ Здравствен дом Велес, Центар за социјални работи - Велес,Осигурителна компанија. Во текот на годината ќе се организираат и предавања (најмалку две) според потребата, изведени од стручни лица /надворешни соработници или од Црвениот Крст. Одговорни лица ќе бидат стручните соработници, одговорните на Црвениот крст и еден предметен наставник. Целта на ваквото едуцирање е да се прошират знаењата на учениците и да се развива свеста за значењето на здравјето и водење грижа за сопственото здравје.

МЕДИУМИ

Училиштето изготвува брошури кои им ги даваме на родителите на сите првачиња кои се запишуваат во нашето училиште и таа активност ќе продолжи и понатаму, а ќе биде проширена и со промовирање на училиштето и преку одредени медиуми. Оваа акктивност ќе се реализира во договор со сите наставници и Советот на родители.
(прилог)

22. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

Приоритетни подрачја за следење	Начин и време на следење	Одговорно/и лице/а	Кој треба да биде информиран за следењето
Вовед; **Општи податоци за основното училиште**	Проверка на веродостојноста на општите податоци во годишната програма, органите на управување, стручни органи и ученичко организирање за време на изработка на годишната програма;	Стручна служба, секретар	Директор
Податоци за условите за работа на основното училиште	Следење на податоците за училишниот простор, опремата, нагледни сретства, библиотечен фонд и сл. Во текот на учебната година.	Библиотекар Комисија за попис	Директор, стручна служба
Податоци за вработените и за учениците во основното училиште	Следење на податоците за сите вработени лица во училиштето, промените во вработувања и сл	Секретар Стручна служба	Директор
Материјално финансиско работење	Извештај за финансиско работење, во текот на година	Претседател и членови на Училишен одбор	Директор, Училишен одбор, Општина Росоман
Мисија и визија, **Веќе научено /стекнати**	Извештај, записници од реализација на целите и	Стручни соработници,	Директор, Училишен одбор,

искуства, **Подрачје на промени приоритети и цели,** **Евалуација на акциските планови**	евалуација на плановите	во текот на годината, Тим за следење на акциските планови	
Програми и организација на работата во основното училиште	Доставување извештај за реализација на наставните планови и програми, на полугодие и крај на учебната година	Сите наставници и стручни соработници	Директор, Локална самоуправа, УО, Совет на родители
Воннаставни активности, **Ученичко организирање**	Доставување извештај за реализација на воннаставните активности, на полугодие и крај на учебната година	Стручна служба	Директор, стручни соработници
Вонучилишни активности	Доставување извештај за реализација на вонучилишните активности, на крај на учебната година	Тим за екскурзии	Директор, стручни соработници
Натпревари за учениците	Доставување извештај за учество на натпревар, во текот на учебната година	Наставниците кои учествуваат на натпревар, поединечно	Директор, стручни соработници
Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција	Извештај за реализирани активности во насока на развивање на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција	Училишен тим за МИО	Директор, стручни соработници

Проекти кои се реализираат во училиштето	Извештај за проекти кои се реализирани во училиштето, во текот на учебната година	Индивидуално (наставници)	Директор, стручни соработници,
Поддршка на учениците	Извештај, записници од постигањата на учениците, професионална ориентација и промоција на добросостојба во училиштето	Стручна служба	Директор
Оценување	Тимот за следење, и проверка на усогласеноста на оценувањето предвидените стандарди	Стручна служба Сите наставници	Директор
Безбедност и грижа за здравјето на учениците и вработените во училиштето	Следење на безбедноста во училиштето и здравјето на учениците во текот на учебната година	Директор, Стручна служба, Наставници, Техничка служба	Совет на родители, Училишен одбор, поширокатa јавност
Училишна клима	Следење на дисциплината во училиштето, естетското функционирање и односите меѓу сите структири, во текот на цела учебна година	Директор, Стручна служба	Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор

Професионалел и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар	Следење на потребите на наставниците за професионален развој, преземени активности, личен план за професионален развој, на почетокот и во текот на учебната година	Тим за проф.развој Стручна служба Наставници	Директор
Соработка на основното училиште со родителите/старателите	Следење на вклученоста на родителите/старателите во животот и работата на училиштето, вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставни активности и едукација на родителите/старателите со записници од средби, и реализирани активности во текот на учебната година	Стручна служба, Наставници	Директор
Комуникација со јавноста и промоција на училиштето	Следење на соработката со други основни училишта, медиуми, локална заедница, невладини организации и сл. Преку записници од состаноци и извештај од реализирани активности	Директор, Наставници, Стручни соработници	Родители, Училишен одбор, поширокатa јавност

Одговорни за имплементација на годишната програма се сите вработени во основното училиште

23. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

За навремена и квалитетна реализација и планираните активности во овој плански документ потребна е навремена контрола, евиденција и анализа што претставува показател за тоа што е направено и како, кои се нашите јаки и слаби страни. Исто така ни помага во изнаоѓање патишта за надминување на слабостите и целокупните резултати.

Собирањето на докази поврзани со индикаторите или критериумите за успех се на ниво на помошна алатка со која ќе се изврши проценка на ефективноста на планирањата и на реализацијата на целокупната работа на училиштата, идентификација на областите за кои е потребно дополнително подобрување и дополнително оспособување на раководниот кадар за донесување на издржани одлуки за одржување на силните и надминување на слабите страни.

Содржини	Индикатори за квалитет/критериуми за успех	Докази	Заклучоци Препораки
-Табела со општи податоци -Податоци за условите за работа на основните училишта	Услови за изведувањена настава според Нормативот, Максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, Разновидна стручна литература и наставни средства и помагала согласно со нормативите по сите наставни предмети, Утврдување на потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за практична работа, аудио-визуелна и ИКТ опрема, и континуирано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови. Користење на ИКТ	-Мапа на основното училиште Податоци за училиштниот простор	
Податоци за вработените и за учениците во основното училиште	Број на вработени и соодветност на наставниоткадар Ефективност и распоредување на кадарот Стручната служба како поддршка на наставниот кадар	Податоци за: вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа, за раководните лица, за воспитувачите, за вработените административни работници, вработените помошно-технички лица, Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар	
Материјално-финансиско работење на основното училиште	Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива зафинансиско работење Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет	Годишната програма за работа, Планотза развој на училиштето, Непосредниотувид, Записниците од просветната и санитарната инспекција, Распоредотна часови; Полугодишниоти годишниот извештај, Записниците од работата на стручните активи, Интервјуа со наставниците	
Мисија и визија	Приспособувањена наставните програмина децата со посебни образовни потреби Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала	Наставните планови и програми од МОН, Годишната програма за работа на училиштето, Тематските планирања на наставниците, Нормативните акти на училиштето, Стручните упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми, Педагошката евиденција и	

		документација, Анкети со наставниците, родителите и учениците, Интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите и со учениците; Записниците од Училишниот одбор, Советот на родители и стручните органи на училиштето;	
LESSONS LEARNED„– Веќе научено/стекнати искуства	Истражување и споделување на позитивни и предизвик искуства од минатите учевни години кои би придонеле до поуспешна работа во тековната уч.година	Анкета-стручни соработници	
Подрачја на промени, приоритети и цели	Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми Приспособувањена наставните програмина децата со посебни образовни потреби Избор на наставни предмети	Наставните планови и програми од МОН, Годишната програма за работа на училиштето, Тематските планирања на наставниците, Нормативните акти на училиштето, Стручните упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми, Педагошката евиденција и документација, Анкети со наставниците, родителите и учениците, Интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите и со учениците; Записниците од Училишниот одбор, Советот на родители и стручните органи на училиштето, Брошурите и интернет страницата на училиштето Програмата за работа на ученичката заедница, Записниците од претходните инспекциски увиди	
Програми и организација на работата во основното училиште	Применувани наставни планови и програми Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби Избор на наставни предмети Планирањена активности за реализација на	Наставните планови и програми од МОН, Годишната програма за работа на училиштето, Тематските планирања на наставниците, Нормативните акти на училиштето, Стручните упатства и насокиза операционализација на наставните	

	слободнитечасови/проектните активностина училиштето	планови и програми, Педагошката евиденција и документација, Анкети со наставниците,родителитеи учениците, Интервјуа со директорот,стручните соработници, наставниците, родителите и со учениците; Записниците од Училишниот одбор, Советот на родители и стручните органи на училиштето, Поднесени барања, Брошурите и интернет страницата на училиштето Програмата за работа на ученичкиот парламент	
Воннаставни активности	Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности	Записници, извештаи, листи за присуство/учество, пофалници, благодарници и фотографии и сл.	
Ученичко организирање и искуство	Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки Соработка со локалната заедница Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор Учество на натпревари Избор на екскурзии, на изборни предмети сл.	Записници од состаноци на ученичка заедница и ученички парламент, согласности	
Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција	Познавање на правата на децата Еднаков и правичен третман на сите ученици Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот	Анкетите/интервјуата со наставниците, родителите и со учениците Записници од состаноци на ученичка заедница и ученички парламент, согласности	
Проекти што се реализираат во основните училишта	Соработка на училиштето со родителите Соработка со локалната заедница Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор	Извештаи, фотографии, изветувања и сл.	
Поддршка на учениците	Заштита од физички повреди и елементарни непогоди Превенција од насилство	Годишната програма за работа на училиштето, Куќниот ред, Правилникот за организација и	

Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување на дискриминација	Заштита од пушење, алкохол и дрога Квалитет на достапна храна Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот Грижа за учениците од социјално загрозени семејства Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, Грижа за учениците со емоционални потешкотии Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците Анализа на напредокот на учениците по паралелки	систематизација на работата и работните места, Записниците од органите на училиштето, надлежните органи за контрола на хигиената и здравјето на децата, Увидот во педагошката евиденција и документација, Увидот во училишниот простор	
Оценување	Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност според наставни предмети и според квалификациони периоди и мерки за подобрување во редовната и дополнителната настава Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби Следење на постигањата на учениципри премин од еден водруг циклусиод едно до друго ниво на образование, следење на хоризонталнои вертикално движење на учениците	Извештаи од: Тим за следење, анализа и поддршка Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар Самоевалуација на училиштето	
Безбедност во училиштето **Грижа за здравјето**	Реализација на превентивни програми и работилници, Хигиена во училиштето и дворот, Ангажирање на лице за обезбедување на просторото во и околу училиштето Систематски прегледи Вакцинирање Едукација за здрава исхрана -оброк во училиштата Училишна клима Дисциплина Естетско и функционално уредување на во училиштето Етички кодекси	Извештаи од: работилници, Увиди во состојбата	
Односи меѓу сите структури во училиштето	Углед/имиџ на училиштето Кодекс на однесување Училишна клима	Еднаков и правичен третман на сите ученици Евиденција за: Соработка на	

	Поведение и дисциплина во училиштето Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки	училиштето со родителите, со локалната заедница, со деловната заедница и невладиниот сектор	
Професионален и кариерен развој на вспитно-образовниот кадар	Детектирање на потребите и приоритетите Активности за професионален развој Личен професионален развој Хоризонтално учење Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар	Анкетите/интервјуатасо наставниците, родителите и со учениците, Педагошката евиденција за изречени педагошки мерки, Правилникот за оценување, напредувањето, полагањето испити, видовите пофалби, наградите и педагошките мерки за учениците, Статутотна училиштето, Куќниот ред на училиштето, пофалбите, наградите, признанијата и др	
Соработка на основното училиште со родителите/старателите	Соработка на училиштето со родителите, Вклучување на родителите во давањето предлози и донесувањето на одлуки, Учество во воспитно образовната работа на училиштето на сите нивоа (наставни, воннаставни) Индивидуаплни и групни средби Едукација на родителите/старателите	Извештаи од родителски средби, советувања, заеднички активности, анкети од Самоевалуација, прашалници, фотографии и сл.	
Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште	Промовирање на личните постигања на учениците Промовирање на постигањата во име на училиштето Информирање и соработка со медиуми, владини и невладини организации и сл.	Годишен извештај за работа на училиштето Изложените трудови на учениците Паноатасо пофалби, награди Медиумското промовирање на постигањата на учениците Интервјуата со наставниците и со стручните соработници, учениците, родителите	
Следење на на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште	Редовно евидентирање и увид во реализацијата на сите подрачјаи содржини предвидени со Програмата за работа на училиштето	Извештаи: Полугодишен, Годишен, извештаи за реализирани активности	
Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште	Извештај за спроведена евалуација на Годишната програма	Евалуација и извештај од Комисија/тим за следење на реализацијата	

На крајот на учебната година ќе биде подготвен извештај за реализацијата на годишната програма и истиот ќе биде презентиран на стручните и управните органи и тела во училиштето и доставен до соодветните надлежни институции .

24. Заклучок

Како појдовен документ во работата на секое училиште изработката на квалитетна годишна програма за работа е императив за успешно одвивање на воспитно-образовниот процес во училиштето. Врз основа на претходните искуства и релевантната литература е изработена и оваа годишна програма. Во неа детално се претставени општите податоци за училиштето,вработените и учениците. Исто така претставени се и сите активности и проекти што се случуваат во нашето училиште. Разработени се и сите останати сегменти на воспитно-образовниот процес поединечно за добивање на целосна слика за функционирањето на училиштето.

25. Комисија за изработка на годишната програма

Каролина Кирова - Директор

Вања Јовановска - Педагог

Сара Стојкова - Психолог

Весна Иванова- Одделенски наставник

Трајана Дукова - Одделенски наставник

Елизабета Камчева- Предметен наставник

Бисера Иванова – ученик

Викторија Станисављева - ученик

26. Користена литература

Законот за основно образование
Правилник за изработка на годишната програма
Законот за наставници и стручни соработници
Законот за работни односи
Законот за јавни набавки
Законот за организација и работа на органите на државната управа и други закони
Стратегија за образование 2018-2025
Наставните планови и прорами
Статутот на училиштето
Развојниот план на училиштето
Годишната програма за работа на училиштето од претходната учебна година
Годишниот извештај за работа во училиштето од претходната учебна година
Концепцијата за воннаставни активности во основното образование

Наставничкиот совет ја усвои Годишната програма
На состанокот одржан на ден 8.7.2026 г

_____

Директор Каролина Кирова

Оваа Годишна програма е разгледана и усвоена од УО на
состанокот одржан на ден 8.7.2026 г

_____

Претседател на Училишен одбор Ивана Нешкова